РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОСИЛОВО
Бр. 08-688/2
11.03.2026 год.
Босилово

ОПШТИНА БОСИЛОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2025 ГОДИНА

*Босилово, март 2026 година*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### ВОВЕД

*Општи информации*

Општина Босилово е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во село Босилово бб.

Надлежност

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

Организација и сметки

Органи на општината се:

- Советот и
- Градоначалникот.

Совет:

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 15 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на најмалку ¼ од членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**Градоначалник**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут.

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА**

Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година го донесе Буџетот на општина Босилово за 2025 година, на истата седница е донесена и одлуката за извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година.

Во текот на 2025 година се донесени две Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Босилово за 2025 година и две Одлуки за проширување на средствата во буџетот на општина Босилово за 2025 година и тоа:

-Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Босилово за 2025 година донесена на 58-та седницата одржана на ден 25.04.2025 година,

-Одлука за измена на распоредот на средствата донесена на 61-та седница одржана на ден 30.05.2025 година,

-Одлука за измена на распоредот на средствата донесена на 3-та седница одржана на ден 04.12.2025 година,

-Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Босилово за 2025 година донесена на 4-та седницата одржана на ден 10.12.2025 година и

Усвоени се и три Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на општина Босилово за 2025 година, и тоа донесени седница на Советот на општина Босилово одржана на ден 16.05.2025 година , на седницата на Советот на општина Босилово одржана на ден 18.07.2025 година и на седницата на советот на општина Босилово одржана на ден 14.11.2025 година.

**ЗАВРШНА СМЕТКА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодносот на планирани и реализирани приходи во буџетот. Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на сите засегнати страни, тоа пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Босилово, со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министертсва како и донации од земјата и од странство, со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

Во рамките на Билансот на приходи и расходи, приходите се систематизирани како:

-Даночни приходи;
-Неданочни приходи;
-Капитални приходи;
-Приходи од дотации
-Трансфери
-Донации

**Расходите се систематизирани како:**

-Тековни расходи,
-Капитални расходи,
-Отплата на главнина.

**Даночни приходи**

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси, .....) се остваруваат даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- Данок на имот кој опфаќа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности;
- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за истакнати фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунални такси и надоместоци;
-

**Општина Босилово во 2025** година ги реализираше следните приходи

**Даночни приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **26.700.000** | **24.548.474** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 3.500.000 | 3.577.153 |
| 713 Даноци на имот | 6.870.000 | 6.526.231 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 15.330.000 | 13.798.312 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење | 1.000.000 | 646.778 |

**Неданочни приходи**:

Општината Босилово остварува неданочни приходи по основ на:

- Такси и надоместоци што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;
- Административни такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти и закупнина на опрема;
- Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови, приходи од издавање на тендерска документација за учество на јавна набавка и
- Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги и останати неданочни приходи.

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **72 Неданочни приходи** | **6.648.000** | **3.210.986** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 700.000 | 559.280 |

| | | |
|---|---|---|
| 723 Такси и надоместоци | 4.778.000 | 1.555.927 |
| 724 Други владини услуги | 10.000 | 0 |
| 725 Други неданочни приходи | 1.160.000 | 1.095.779 |

**Капитални приходи**

Капиталните приходи се остварени по основ на закуп на земјоделско земјиште,надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор и експлоатирана минерална суровина и надомест за утврдување на правен статус на безправно изградени објекти во износ од **9.004.790,00** денари, во однос на планирани **9.863.568,00** денари.

**Трансфери и донации**

Трансферите и донациите остварени по основ на: трансфери од други нивоа на Власт (од Буџет на РСМ, од надлежните министерства, Министертво за животна средина и просторно планирање, Министертво за транспорт и врски, Министертсво за локална самоуправа, Јавно претпријатие за државни патишта и др. пренесен вишок на приходи над расходи, дотации на општините по основ на данок на додадена вредност, наменски и блок дотации) реализирани во износ од **213.169.598,00** денари во однос на планирани од **255.210.710,00 денари.**

**Тековни расходи**

**Основен буџет на општина Босилово**

**Плати, наемнини и надоместоци**

Средствата за плати, наемнини и надоместоци се остварени/извршени во Буџетот на Општина Босилово, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од обласа на платите (Закон за исплата на платите во РСМ., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за административни службеници, Закон за работните односи, колективните договори) и тоа по следните основи:

- Основни плати;
- Придонеси од плати
- Надоместоци

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---|---|
| Основни плати | 15.230.000 | 14.470.680 |
| Придонеси од плати | 5.647.000 | 5.456.855 |
| Надоместоци | 5.360.779 | 4.032.501 |
| Вкупно | 26.237.779 | 23.960.036 |

**Резерви и недефинирани расходи**

За оваа намена во 2025 година општина Босилово нема реализација на овој расход , а истиот е планиран во Буџетот на општина Босилово за 2025 година во износ од 270.000,00 денари.

**Стоки и други услуги**

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општина Босилово, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на леки коли и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги;
- други оперативни расходи, кои опфаќаат: репрезентација,членарини во домашни организации,семинари и конференции,објавување на огласи, расходи за одликувања, расходи за меѓународни спортски натпревари и други оперативни расходи.

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 183.000 | 33.554 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 8.705.532 | 6.990.462 |
| Материјали иситен инвентар | 887.860 | 473.493 |
| Поправки и тековно одржување | 14.176.000 | 10.613.520 |
| Договорни услуги | 2.625.778 | 1.031.023 |
| Други тековни расходи | 1.913.000 | 1.390.176 |
| Привремени вработувања | 200.000 | 75.500 |
| **Вкупно** | **28.691.170** | **20.607.728** |

**Каматни плаќања**

Во оваа категорија на трошоци спаѓаат камата на кредитите и во текот на 2025 година за таа намена се потрошени буџетски сретства во износ од 68.123,00 денари а во буџетот на општина Босилово се планирани во износ од 100.000,00 денари.

**Субвенции и трансфери**

Субвенции и трансфери се остварени/извршени во 2025 година, по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат:

- трансфери до невладени организации кои опфаќаат: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови, културно уметнички друштва и други здруженија и непрофитни организации;
- Разни трансфери опфачаат: плаќања на сопствени учества односно кофинансирање од буџетот на општина Босилово за реализација на проекти, потоа трансфери при пенмзионирања, трансфери за исплата на јубилејни награди, трансфери за исплата по основ на одлуките донесени од страна на советот на општина Босилово како на пример- исплата на финансиска помош за прво одделение и други одлуки.

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---|---|
| Субвенции за јавни претпријатија | 1.900.000 | 1.840.000 |
| Трансфери до невладини организации | 2.598.000 | 2.147.500 |
| Разни трансфери | 9.844.000 | 5.723.640 |
| **Вкупно** | **14.342.000** | **9.711.140** |

**Социјални Бенефиции**

За оваа намена општина Босилово има планирано 620.000,00 денари а реализираше 392.216,00 денари.

**Капитални расходи**

Капиталните расходи во текот на извештајниот период се насочени кон реализација на инфраструктурни проекти и тоа :

- изградба и реконструкција на патишта,
-Изградба и реконструкција на водоводна мрежа,
- изградба на канализациони системи,
-Реконструкција на училишта,
-Изградба и реконструкција на повеќенаменски спортски игралишта
- Набавка на камион за собирање на комунален отпад,
-финансирање на расходите за изработка на студии и елаборати, техничка документација и дизајнирање договарања, неопходни за припрема на инвестиционите проекти и разни други студии и истражувања, други градежни објекти;
-Компјутерска и канцелариска опрема

| | Плановирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---|---|
| Купување на опрема и машини | 1.200.000 | 447.692 |
| Други градежни објекти | 89.467.661 | 63.245.544 |
| Купување на мебел | 180.000 | 117.818 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 100.000 | 11.724 |
| **Вкупно** | **90.947.661** | **63.822.778** |

**Отплата на главница**

Во текот на 2025 година општина Босилово за оваа намена имаше планирано парични средства во висина од 2.500.000,00 денари а реализираше 2.450.676,00 денари.

**БЛОК ДОТАЦИЈА НА ОПШТИНАТА ПО ОДДЕЛНИ НАМЕНИ – ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ДЕТСКА ГРАДИНКА**
**СМЕТКА *930***

Буџетот на дотации е годишен план на приходи од дотации и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината за финансирање на конкретна намена и надлежност. Дотацијата е трансфер на средства од Буџетот на РСМ до Буџетот на општината.

**ПРИХОДИ**:

Овде спагаат приходите:

- Трансфери од други нивоа на власт.

По тој основ општина Босилово за 2025 година имаше планирано парични средства во износ од 121.957.728,00 денари а релизираше 121.802.004,00 денари, (113.017.000,00 денари Н1 и 8.940.728,00 денари за В1), од кои за основното образование се трансферирани средства во износ од 113.014.582,00 денари а се потрошени 113.012.164,00, разликата од 2.418,00 денари се вратени во буџетот на Министерството за образование и наука, додека за детска градинка од трансферирани 8.791.836,00 денари потрошени се 8.787.422,00 а додека износот од 4.414,00 се вратени во буџетот на Министертво за труд и социјална политика.

**Тековни расходи**

**Плати и надоместоци**

Во рамките на овие расходи се средствата исплатени за плати и придонеси од плати (пензиско,здравство,вработување, дополнителен придонес за здравство ,персонален данок).

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---|---|
| Основни плати | 80.234.757 | 80.229.146 |
| Придонеси од плати | 31.116.457 | 31.113.579 |
| Надоместоци | 2.004.523 | 2.004.251 |
| **Вкупно** | **113.355.737** | **113.346.976** |

**Стоки и други услуги**:

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општината Босилово, и тоа по следните основи:

- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар,

пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;

- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одржување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, Здравствени услуги,превозни трошоци во образованието(превоз на ученици) и други договорни услуги;

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---:|---:|
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.277.228 | 2.252.592 |
| Материјали и ситен инвентар | 1.099.258 | 1.013.087 |
| Поравки и тековно одржување | 1.658.526 | 1.658.378 |
| Договорни услуги | 2.481.098 | 2.451.372 |
| Други тековни расходи | 194.001 | 187.777 |
| Привремени вработувања | 364.880 | 364.880 |
| Разни трансфери | 527.000 | 526.942 |
| **Вкупно** | **8.601.991** | **8.455.028** |

**САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ –*СМЕТКА 787* ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ДЕТСКА ГРАДИНКА**

Буџетот на самофинансирачките активности е годишен план на дополнителни приходи од активностите на буџетските корисници, односно единките корисници, активности дефинирани со закон и план на одобрените средства.

**ПРИХОДИ**

**ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ:**

Општина Босилово во текот на 2025 година ги имаше планирано и реализирано следните видови на приходи на самофинансирачката сметка која се однесува на основното образование и детската градинка и тоа приходи од:

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---:|---:|
| Целодневна претшколска грижа | 1.788.000 | 1.124.743 |
| Средства за ексукрзии | 1.550.000 | 3.000 |
| Други помошни активности во образованието | 940.000 | 159.050 |
| Други неданочни приходи | 0 | 291.840 |
| Трансфери од други нивоа на власт | 200.000 | 0 |
| **Вкупно** | **4.478.000** | **1.578.633** |

**Тековни расходи**

Во 2025 година на самоинансирачката аметка планирани и реализирани се следните расходи:

| | Планирани 2025 | Реализирани 2025 |
|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 7.000 | 0 |
| комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 414.820 | 18.639 |
| материјали и ситен инвентар | 1.297.993 | 634.302 |
| поправки и тековно одржување | 364.627 | 70.230 |
| договорни услуги | 1.823.400 | 482.806 |
| Други тековни расходи | 94.160 | 28.592 |
| Привремени вработувања | 436.000 | 209.550 |
| Капитални расходи | 40.000 | 12.700 |
| **Вкупно** | **4.478.000** | **1.456.819** |

***СМЕТКА 785 - ДОНАЦИИ***

На оваа сметка општина Босилово во 2025 година од планирни приходи 8.277.940 денари се реализирани 5.540.514, 00 денари, и тоа за следните донации:

-**Договор за грант за**: Проект со еден корисник според Програмата ЕРАЗМУС+ договор склучен помеѓу Национална Агенција, и ООУ Гоце Делчев Босилово,

-Договор помеѓу Програмата за развој на обединети нации и општина Босилово за имплементација на активности во рамките на проектот Зајакнување на општинските совети фаза 2 каде УНДП обезбедува финансиски средства за проектот „ Набавка на специјализирано возило и канти за собирање на комунален отпад.

--Договор за грант помеѓу општина Босилово и амбасадата на Бугарија за реализација на проект „Обновливи извори на енергија за подобри услови за учење".

Буџет на донации е годишен план на приходите од донации и одобрените средства кои се користат строго наменски и согласно со договор склучен со донаторот.

***СМЕТКА 786 – КРЕДИТИ***

Во Буџетот на општина Босилово во 2025 година немаше планирано кредити.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА**

Билансот на состојбата ја прикажува финансиската состојба на општината на ден 31.12.2025 година, односно состојбата на средствата, обврските и изворите на средства со кои располага општината.

Постојаните средства ги опфаќаат долготрајните материјални и нематеријални средства, како што се градежни објекти односно инфраструктурни објекти (улици, водовна и канализациона мрежа, игралишта и други јавни инфраструктурни објекти), опрема основачки издатоци и слично.

- Нематеријалнисредства

- 0000 - Основачки издатоци - 5.732.155,00 денари

- Матетријални средства

-0200– градежни објекти во 2025 година се со сегашна вредност во износ од **611.875.028,00** денари,

- Групата 0220 – опрема во 2025 година е со сегашна вредност од **6.590.965,00** денари,
- Материјални средства во подготовка –инвестиции во тек во 2025 се во износ од **60.018.537,00** денари,

Тековните средства се состојат од парични средства на поединечните сметки на општината, побарувањата по различни основи, краткорочни финансиски средства и друго.

Паричните средства на сметките на општина Босилово со состојба на 31.12.2025 година и изнесува **20.057.010,00 денари.**

Или поединечно по буџети

| | |
|---|---|
| -Салдо основен буџет | 19.148.698,00 денари |
| -Салдо буџет дотации | 23.618,00 денари |
| -Салдо буџет самофинасирачки активности | 54.451,00 денари |
| - Салдо буџет на донации | 337.243,00 денари |

- Побарувањата на општина Босилово за 2025 година се следните.

- Побарувања на име *данок на имот на физички лица* со состоба на ден 31.12.2025 година се во износ од 4.585.996,50 денари во кој износ е кумулиран и неплатенот данок на имот од минати години.
- Побарувања *данок на имот – правни лица со состојба на 31.12.2025 година се во износ од 365.753,00 денари во кој износ е кумулиран и неплатен долг од минати години,*
- Побарувањата по основ на *комунална такса од правни лица* во општина Босилово со состојба на 31.12.2025 година се во износ од 7.592.119,50 денари, вклучувајки го и салдото од претходни години.
- Побарувањата по основ на *закуп на деловен простор* на 31.12.2025 година изнесуваат во износ од 1.983.059,00 денари,
- Побарувања по основ *надоместок за уредување на градежно земјиште* изнесуваат во износ од 241.019,00 денари.
- Побарувања од општина Василево по основ плата *заеднички служби* во износ од 9.521,00 денари.
- Други побарувања – *легализација* износ од 122.322,50 денари.

- Побарувања за запишување *промена во катастар* износ од 35.509,00 денари.
- Побарувања по основ *на надомест за Б – дозвола износ од* 93.850,00 денари,

Обврските на општината ги опфакаат сите превземени обврски кои произлегуваат од тековното работење и од реализираните проекти и активности. Тука спаѓаат:

- Обврските спрема добавувачите се во износ од -------- **24.526.090,50** денари,
- Обврски советници се во износ од ------------------------------ **303.114,00** денари,
- Обврски плати за вработени се во износ од----------------- **1.514.089,00** денари,
- Обврски по одлуки решенија во висина од ------------------------**43.600,00** денари,
- Обврски кредити---------------------------------------------------------------- **0,00** денари,
- Обврски граѓани --------------------------------------------------------**90.537,00** денари,

Изворите на средства ги претставуваат сопствените извори и другите извори преку кои се финансира работењето на општината. Тие се состојат од трајни извори на средства, акумулирани средства од претходни години и други извори на финансирање, и тоа:

900- Извори на капитални средства и други средства со кои располага општината:
-деловен фонд --------------------------------- 409.859.302,50 денари
-ревалоризациона резерва ------------------208.606.690,50 денари.

- За изградба на улици, патишта во текот на 2025 година се реализирани средства во износ од 34.241.300,00 денари
- За изградба на други објекти во текот на 2025 година реализирани се средства во износ од 23.315.712,00 денари, (дел од канализационен систем (прва фаза), поставување на парно-системи за греење во основните училишта, пешачка патека, повеќенаменски игралишта, изградба на дел од водоводна мрежа - реконструкција на резервоари за вода и слично).
- За реконструкција на други објекти во текот на 2025 година се реализирани средства во износ од 3.991.661,00 денари, (реконструкција на повеќенаменско игралиште во с.Босилово, Секирник, водовна мрежа и сл.),
- За изработка на проекти, во 2025 година издвои сопствени парични средства во висина од 921.691,00 денари.
- За одржување на улици и патишта и други градби во населените места во општина Босилово, се потрошени финансиски средства во износ од 1.759.275,00 денари;
- За чистење на канали, се потрошени финансиски средства во висина од 1.381.288,00 денари;
- За одржување на мрежата на јавно осветлување во општина Босилово, како и трошоци за електрична енергија во 2025 година се потрошени 5.396.785,00 денари;
- За јавна чистота, во 2025 година се потрошени финансиски средства во износ од 1.420.664,00 денари,
- За заштита на животната средина и природа во 2025 година се потрошени финансиски средства во износ од 2.173.508,00 денари.

**Тековни резерви:**

За оваа намена во текот на 2025 година Општина Босилово од планирани 270.000,00 денари, нема реализирано средства.

Совет на Општина Босилово
Претседател
Горанчо Граждանлиевски

Република Северна Македонија Општина Босилово Босилово